Република Северна Македонија
Министерство за правда - Биро за судски вештачења

Број 04-173/13
23-12-2021 2021 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 51 став 1 и 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16,11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/18 и 14/20) Директорот на Бирото за судски вештачења донесе

**ОДЛУКА**

**за избор на на кандидат по Интерен оглас број 02/2021 за унапредување на административен службеник во Министерство за правда - Биро за судски вештачења**

1. Кандидатот Дарко Ристовски, по пат на интерен оглас број 02/2021 се избира на работно место **УПР 01 01 Г01 000 – Самостоен референт - координатор на архива и упатување на странки** – Одделение за координација (поддршка) на активностите на директорот – Сектор за правни, општи и заеднички работи - 1 извршител

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 02/2021 со архивски број 04-173/12 од 22.12.2021 година.

3. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место на работно од став 1 по конечноста на оваа одлука.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на добиено Известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии со архивски број 18-4246/2 од 19.05.2021 година, директорот на Бирото за судски вештачења упати барање со архивски број 04-173/1 од 10.12.2021 година за објавување на интерен оглас за унапредување на административен службеник во Бирото за

судски вештачења. Одделението за управување со човечки ресурси, објави интерен оглас број 02/2021 за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Бирото за судски вештачења, објавен на ден 14.12.2021 година на веб страната на Бирото за судски вештачења и на веб страната на Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник, комисијата за унапредување на административен службеник, формирана од страна на директорот на Бирото за судски вештачења со Решение за формирање на Комисија за селекција и унапредување по интерен оглас број 04-173/9 од 21.12.2021 година, направија административна селекција и одржаа интервју со уредните кандидати што ги исполнуваат условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Бирото за судски вештачења. Врз основа на освоените бодови од интервјуто, комисијата состави Записник од административна селекција за интерен оглас број 02/2021 за унапредување на административен службеник број 04-173/11 од 22.12.2021 година, Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју и Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат број 04-173/12 од 22.12.2021 година.

Врз основа на Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат, директорот на Бирото за судски вештачења изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Директор
Valdet Xhaferi

Доставено до:
- Избраниот кандидат
- Одделение за координација (поддршка) на активностите на директорот
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Агенција за администрација
- Архива